ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:**
Општина Куманово

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (630) за 2020 година

**Цел на ревизијата:**
Да се добие разумно уверување дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања, а рефлектираните активности и трансакции се во согласност со законската регулатива

**Клучни утврдени состојби:**
- неправилно утврдување на основата за пресметка на данокот на промет на недвижности;
- неутврдена старосна структура на побарувањата по основ на даноци на имот и комунални такси и непреземени мерки за нивна навремена наплата;
- помалку средства во буџетот на општината во износ од 14.490 илјади денари, по основ на надоместок за одржување на јавна чистота, за 2020 година.

**Издадено мислење*:**
Изразивме мислење со резерва за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, сметка на основен буџет (630) за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

**Клучни препораки:**
- ажурирање на зоните согласно степенот на изграденост утврдени со Одлуката за утврдување на зони за градежни објекти;
- утврдување на законската можност за наплата побарувањата по основ на даноци на имот и комунални такси;
- наплатениот надоместок за одржување на јавна чистота од ЈП „Чистота и зеленило“ да се уплаќа месечно на сметка на буџетот на општината.

**Клучни системски слабости:**
Слабости во Законот за комунални такси кај тарифните броеви 9 и 10 комуналната такса за користење на улици и патишта и одржување јавно осветлување.
Слабости во Законот за даноците на имот за усогласување на состојбата на регистарот на недвижности на општините со регистарот кој го води АКН на РСМ.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на сметка на основен буџет (630) за 2020 година

**Одговор на добиени забелешки:**
/

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk
INTERCERT system certification ISO 9001:2015 CERTIFIED Q-025/2018